РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНСКО ОСНОВНО УЧИЛИШТЕ
"ПАРТЕНИЈА ЗОГРАФСКИ"
Бр. 04-386
03.09 2026 год.
КИСЕЛА ВОДА СКОПЈЕ

# ООУ - ПАРТЕНИЈА ЗОГРАФСКИ
## Скопје

ул.Доситеј Обрадовиќ бр. 18 Скопје, Македонија
тел: ++ 389 2 2770 719, фах: ++ 389 2 700 150: **web: oopartenijazografski.edu.mk**

Врз основа на член 45 од Законот за административни службеници ("Службен весник на Република Македонија" број 27/2014,199/2014,48/2015,154/2015,5/2016,142/2016 и 11/2018, и "Службен весник на Република Северна Македонија" број 275/2019,14/20,215/2021,99/2022 и 208/2024) и Предлог за вработување на кандидат по Јавен оглас бр.464/2026 од Агенцијата за администрација, Директорот на ООУ "Партенија Зографски"Скопје донесе:

О Д Л У К А

за избор на кандидат по јаван оглас бр.464/2026 за вработување на

административен службеник

1. За извршител на работно место - ОБН0102В01001 Советник за општи и нормативно правни работи - Секретар, Одделение за нормативно - правни работи, човечки ресурси и општи работи, Административна служба (1) извршител се избира кандидатот со идентификациски код 5F8798F - Верица Трифунова.

2. Одлуката за избор ќе се достави до избраниот кандидат и ќе се објави на интернет страницата и на огласната табла во Агенцијата за Администрација.

3, Именуваната ќе биде вработена на неопределено време и распоредена на работно место од точка 1 на оваа одлука по конечноста на одлуката , за што ќе се донесе посебно решение за вработување на административен службеник.

4. Оваа одлука стапува во сила со денот на нејзиното донесување.

Образложение

По добиената писмена согласност од Министерството за финансии за обезбедени финансиски средства , Агенцијата за администрација по барање на ООУ "Партенија Зографски" Кисела Вода, Скопје на ден 07.07.2026 година на интернет страницата на Агенцијата за

администрација и во дневните весници “Слободен печат”, “Нова Македонија” и “Коха” објави Јавен оглас бр.464/2026 за пополнување на работното место ОБН0102В01001 Советник за општи и нормативно правни работи - Секретар, Одделение за нормативно - правни работи, човечки ресурси и општи работи, Административна служба, (1) извршител(и)

Агенцијата за администрација со Решение бр.10-1308/10 формираше Комисија за селекција за вработување по Јавен оглас бр.464/2026. По завршување на сите фази од постапката за селекција на кандидатите , Агенцијата за администрација достави до училиштето ООУ “Партенија Зографски” Кисела Вода, Скопје конечна ранг листа на кандидати од сите фази на селекција за вработување и Предлог за вработување на кандидат со најголем број на освоени бодови за работното место од точка 1 заведен под бр.10-1308/10 од 24.08.2026 година.

Врз основа на Конечната ранг листа на кандидати од сите фази на селекција за вработување и Предлогот за вработување на кандидат со најголем број на освоени бодови по објавениот оглас бр.464/2026 заведен под бр.10-1308/10 од 24.08.2026 година, Директорот на ООУ Партенија Зографски Кисела Вода, Скопје за работното место ОБН0102В01001 Советник за општи и нормативно правни работи - Секретар, Одделение за нормативно -правни работи , човечки ресурси и општи работи, Административна служба (1) извршител го избира кандидатот Трифунова Верица.

ПРАВНА ПОУКА: Против оваа одлука незадоволниот кандидат има право да изјави жалба до Агенцијата за администрација во рок од 8 дена од денот на објавување на одлуката на интернет страницата и на огласната табла на Агенцијата за администрација.

Доставено до:

-Именуваната;

-Агенцијата за администрација;

-Архива на директор;

Директор

Мартин Мартиновски

---------------------